**До:** [redacted]

**(имател на информацијата)**

# Б А Р А Њ Е

# ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:_ Почитувани,

Ве молиме за информации за напредокот на процесот во Вашата општина за воспоставување на заеднички интегриран систем за управување со отпад во Југозападниот и Пелагонискиот регион. Подетално, да ни дадете информации за изработена документација и активности за следното:

1. Степен на селекција на отпадот во вашата општина по фракции (органски отпад, пластика, хартија, стакло)
2. Планирани и идни инвестиции за да се подобрат условите за селекција на отпад во општината
3. Изработена документација за претоварни станици (само за општините: Охрид, Дебар, Кичево, Прилеп и Битола)
4. Вклученост во постапката за формирање регионалното јавно претпријатие и
5. План за затворање, ремедијација и грижа по затворањето на нестандардните општински депонии

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис - ДА
- д) друго ___

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил - ДА
- д) друго ___

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во _Охрид____, 20.11.2024_ година**

________________________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

**Датум:** 27.12.2024

**ДО:** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 18-1214/1, 23.12.2024 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

---------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на 23.12.2024 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето од [redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со воспоставување на заеднички интегриран систем за управување со отпад во Југозападниот и Пелагонискиот регион, се уважува.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер, имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ја доставува информацијата во врска со воспоставување на заеднички интегриран систем за управување со отпад во Југозападниот и Пелагонискиот регион, се уважува.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 23.12.2024 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 23.12.2024 година под архивски број 18-1214/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 27.12..2024 година, под бр. 18-1214/2.

По овластување на Градоначалникот
на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер

__________________________

Игор Дамјаноски, раководител на одделение
за управување со човечки ресурси

# -ИНФОРМАЦИЈА-

1. Степен на селекција на отпадот во вашата општина по фракции (органски отпад, пластика, хартија, стакло)

**-Пластика-2,03%, хартија 1,69%, стакло 1,36% и органски-мешовид-94,92%.**

2. Планирани и идни инвестиции за да се подобрат условите за селекција на отпад во општината

**-Согласно ЛАП во Општина Демир Хисар-планирани 2024-20.000 денари, планирани за 2025-200.000 денари**

3. Изработена документација за претоварни станици (само за општините: Охрид, Дебар, Кичево, Прилеп и Битола)

**-Во Општина Демир Хисар не е планирана претоварна станица и поради тоа нема изготвено документација за таков тип на станица.**

4. Вклученост во постапката за формирање регионалното јавно претпријатие

**-Сеуште не е воспоставена меѓуопштинска соработка за формирање на регионално јавно претпријатие.**

5. План за затворање, ремедијација и грижа по затворањето на нестандардните општински депонии

**-Не е изработен.**

По овластување на Градоначалникот
на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер

____________________________

Игор Дамјаноски, раководител на одделение
за управување со човечки ресурси